| Податоци за органот кој го изработува планскиот документ | |
|---|---|
| Назив на планскиот докумет | УРБАНИСТИЧКИ ПРОЕКТ ВОН ОПФАТ НА УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА РЕКОНСТРУКЦИЈА НА ФЕКАЛЕН КОЛЕКТОР ОД ИСТОЧНА ЗОНА ДО ПРОЛЕТЕРСКИ ПАТ - КМ 0+636.00 ДО КМ 1+240.00, КО ВИНИЦА, ОПШТИНА ВИНИЦА |
| Орган надлежен за изработка на планскиот документ | ОПШТИНА ВИНИЦА |
| Орган надлежен за донесување на планскиот документ | Општина Виница |

| Податоци за изработувачот на планскиот документ | |
|---|---|
| Име на лицето овластено за подготвување на планскиот документ | ДРУШТВО ЗА АРХИТЕКТОНСКИ ДЕЈНОСТИ И ИНЖЕНЕРСТВО, ТЕХНИЧКО ИСПИТУВАЊЕ И АНАЛИЗА "ТАЈФА АРХИТЕКТИ" ДООЕЛ КУМАНОВО<br>-Планер-потписник м-р Стефан Лазаревски диа, овластување бр.0.0368<br>-Биљана Насковиќ, ди, овластување бр.0.0369 |
| Назив на работното место | Планери |
| Контакт податоци за лицето | КУМАНОВО<br>А: УЛ.ЖИВКО ЧАЛО 23<br>Т: 070511131/078472484<br>E: lazarevski@tajfa.mk<br><br>СКОПЈЕ<br>А: БУЛ.ПАРТИЗАНСКИ ОДРЕДИ 17-3/2<br>Т: 023241130<br>E: contact@tajfa.mk |

| Основни податоци за планскиот документ |
|---|
| Од што произлегува донесувањето на планскиот документ? (пр. законска обврска или друга одредба) |
| Законот за урбанистичко планирање (Сл.весник на Р.М. бр. 32/20), Правилник за урбанистичко планирање (Сл.Весник на РМ бр. 225/20), како и другите важечки прописи и нормативи од областа на урбанизмот. ) и Условите за планирање на просторот кои произлегуваат од просторниот план на Р Македонија. |
| Дали се донесува нов плански документ или се вршат измени на постојниот? |
| Да☒<br>Не☐ |
| Доколку се врши измена на постоечки плански документ наведете го називот на стариот плански документ и причините за негово изменување? |
| Не се врши измена на постоечки плански документ |
| Дали планскиот документ опфаќа област определена со член 65 став 2 од Законот за животна средина? Доколку одговорот е ДА наведете ја областа. |
| Просторно и урбанистичко планирање. |
| Дали планскиот документ е определен со уредбата за стратегиите, плановите и програмите, вклучувајќи ги и промените на тие стратегии, планови и програми, за кои задолжително се спроведува постапка за оцена на нивното влијание врз животната средина и врз животот и здравјето на луѓето. Доколку е определен наведете ја точката и алинејата под која е определен. (пр. член 3, точка 1, алинеја 5) |

| Да☒<br>Не☐ | Член: 3 | Точка: 13 | Алинеја: |
|---|---|---|---|

| |
|---|
| Дали со планскиот документ се планира реализирање на проект што е предвиден со Уредбата за определување на проектите и критериумите врз основа на кои се утврдува потребата за спроведување на постапка за оцена на влијанието врз животната средина. Доколку одговорот е позитивен наведете за каков проект станува збор. |
| Не |
| Дали планскиот документ опфаќа користење на мала област од локално значење како што е определено со член 65 став 3 од Законот за животна средина. Доколку одговорот е ДА, наведете ја површината на областа и нејзиното значење. |
| Не |
| Да се наведе целта на донесување на планскиот документ и да се опише клучната одлука која ќе се донесе. |
| Реконструкција на застарената фекална колекторска мрежа која не е во добра состојба |

| |
|---|
| Урбанистичкиот проект, има крајна цел преку:<br>• рационално уредување и искористување на просторот;<br>• подигнување на хуманоста во просторот и надминување на урбаните бариери на лицата со инвалидитет;<br>• оддржлив развој;<br>• заштита и унапредување на животната средина и природата;<br>• заштита на недвижното културно наследство;<br>• заштита од воени разурнувања, од природни и технолошки катастрофи и хаварии (заштита и спасување);<br>• јавност во постапката за донесување и спроведување на плановите;<br>• вградување пропратни содржини на основната наменска употреба на земјиштето и<br>• почитување на законските прописи, стандарди и нормативи во планирањето и уредувањето на просторот |
| Предмет на планскиот документ. (пр. транспорт, планирање на просторот и сл.) |
| Планирање на просторот |
| Периодот за донесување на планскиот документ. |
| / |
| Предвидено ревидирање на планскиот документ. Доколку е предвидено ревидирање, на колку години? |
| / |
| Простор или област опфатени со планскиот документ. (пр. географска област, добро е да се прикачи мапа) |
| Планскиот документ се наоѓа во КО Виница, надвор од ГУП на Виница. |
| Целите и/или предлог целите што треба да се постигнат со реализирањето на планскиот документ и дали истите се содржани во акт или документ. |
| Да ☐<br>Не ☒ |
| Дали е приложена копија од целите? |
| Да ☐<br>Не ☒ |

| |
|---|
| **Резиме на влијанијата врз животната средина**<br>(Да се определи дали имплементацијата на планскиот документ ќе предизвика значително влијание врз животната средина, потребно е да ги пополните прашањата кои следат подолу како водич за определување на значителното влијание на ефектите врз животната средина, а кои се во согласност со Уредбата за критериумите врз основа на кои се донесуваат одлуките дали определени плански документи би можеле да имаат значително влијание врз животната средина и здравјето на луѓето.) |
| Потенцијалните влијанија врз животната средина од планскиот документ.<br>Незначително загадување на животната средина |

| | |
|---|---|
| Веројатноста, времетраењето, фреквентноста и повратноста на вљанијата; | Влијанија ќе бидат краткорочни и незначителни во делот на изградба на проектот |
| Кумулативната природа на влијанијата врз животната средина и животот и здравјето на луѓето | Кумулативното влијание ќе се протега пред се на зголеменото создавање на отпад, зголемена бучава и фреквенција на возила, зголемено загадување на воздухот и почвата и ќе биде постојано но незначително. |
| Прекугранична природа на влијанијата; | Нема прекугранично влијание |
| Ризиците по животот и здравјето на луѓето и животната средина (пр. како резултат на несреќи); | Нема опасност од ризици врз здравјето на луѓето или животната средина како резултат на несреќи или хаварии.<br>Се очекува краткорочно и незначително влијание врз животната средина во процесите на изградба на овој проект. |
| Опсег и просторниот обем на влијанијата (географска област и големината на популацијата која ќе биде засегната). | Проектниот опфат кој е предмет на уредување со урбанистичкиот проект вон опфат на урбанистички план за реконструкција на фекален колектор од источна зона до Пролетерски пат - км 0+636.00 до км 1+240.00, КО Виница, општина Виница зафаќа површина од приближно 0,49ха. |

| |
|---|
| Потенцијалните економски и социјални влијанија кои би ги предизвикал планскиот документ како што се: |
| Овој плански документ позитивно ќе влијае врз квалитетот на живот на населнието во Виница. |
| Вредноста и ранливоста на областа која ќе биде засегната со донесување на планскиот документ:<br>Со изградба на планираниот објект ќе се овозможи решавање на проблемите со постоечкиот фекален колекторски систем кој не е во добра состојба и се соочува со следните проблеми: постојат тесни грла, многу талог и ѓубре, има чести затнување, има инфилтрација на подземна и атмосферска вода и сл. |

| | |
|---|---|
| Посебни природни карактеристики или културно наследство | На овој дел не постојат каректеристични природни ресурси или културно наследство. |
| Надминувањата на стандардите за квалитет на | Нема надминувања |

| | |
|---|---|
| животната средина или граничните вредности | |
| Интензивна употреба на земјиштето | Со реконструкција на фекалниот колектор km 0+636 до km 1+240.00 е предвидено несметано одведување на фекалните отпадни води по гравитационен пат до поврзувањето со колекторот кај Пролетерски пат. Трасата на новопланираниот цевковод поминува низ земјоделска површина во мешовита сопственост, која се наоѓа надвор од опфатот на Генералниот урбанистички план на град Виница. Предметниот проектен опфат исто така не се пресекува и/или преклопува со плански и/или проектни опфати на донесени или во постапка на донесување, планови и плански документации, како и на друга проектна докуемнтација |
| Влијанијата врз областите или пејсажите кои имаат признати статус на национални или меѓународни заштитени подрачја. | Во предвидената област нема заштитени подрачја, а со тоа не постои и некакво влијание врз истите. |

Објаснете го степенот до кој планскиот документ поставува рамка за спроведување на проекти и други активности, во однос на локацијата, природата, големината и условите за работа или според одредувањето на ресурсите:

Урбанистичката документација треба да обезбеди рационално искористување на планираните површини за одредени намени. Неопходно е согледување на реалните капацитети на постојната инфраструктура и реконструкција и проширување на истата. Предметниот проектен опфат исто така не се пресекува и/или преклопува со плански и/или проектни опфати на донесени или во постапка на донесување, планови и плански документации, како и на друга проектна докуемнтација.

Објаснете ја околината во близина на проектот односно активноста која се планира да се спроведе со планскиот документ од аспект на можни влијанија врз животната средина. (пр. планот предвидува изградба на резиденцијални објекти во близина на индустриска зона, објаснете дали индустриската зона ќе има влијание врз животната средина на планираните резиденцијални проекти):

Староста на канализациона мрежа варира од 4 до 50 години (50% од канализационата мрежа е постара од 35 години). Поради овие причини предвидено е реконструкција на фекалниот колектор од Источна Зона до Пролетерски пат. Новиот колектор се предвидува да се води паралелно со постоечкиот колектор, со цел наједноставно да се овозможи приклучок на постоечките секундарни колектори и приклучоци. Трасата на новопланираниот цевковод поминува низ земјоделска површина во мешовита сопственост, која се наоѓа надвор од опфатот на Генералниот урбанистички план на град Виница. Предметниот проектен опфат исто така не се пресекува и/или преклопува со плански и/или проектни опфати на донесени или во постапка на донесување, планови и плански документации, како и на друга проектна докуемнтација.

Објаснете ја важноста на планскиот документ за вклучување на аспектот на заштита на животната средина особено во поглед на промовирањето на одржливиот развој:
(Да се наведе дали обемот на планскиот документ придонесува кон одржливоста и намалување на еколошките проблеми. Пр. еден инфраструктурен план може да има поголеми влијанија врз животната средина отколку некој образовен план на наставните планови)

| |
|---|
| Донесувањето на планскиот документ ќе има незначително негативно влијание врз животната средина и промовирање на одржлив развој.<br>-Од областа на животната средина незначително влијание би имало на воздухот и почвата во фазата на изградба, преку зголемување на емисии на цврсти честички и зголемена бучавост, создавање на градежен отпад итн, како и влијание врз природата и природниот пејсаж, кои влијанија би биле краткорочни.<br>-Од аспект на одржливоста, донесувањето на планскиот документ позитивно ќе влијае врз: Зголемување на социо-економската моќ на населението, ќе овозможи унапредување на квалитетот на живеењето со самото користење и намалување на трошоците за одржување на канализациониот систем. |
| Кои еколошки проблеми се релевантни за планскиот документ. Опишете зошто истите се релевантни и опишете ја нивната природа и сериозност.<br>(Објаснете ги проблемите кои спроведувањето на планскиот документ може да ги предизвика или да доведе до нивно зголемување, проблемите кои може да го забават неговото спроведување, како и проблеми кои спроведувањето на планскиот документ може да ги реши или намали.)<br>Од Еколошки аспект значајни се следниве проблеми кои би се јавиле од планскиот документ:<br>-Зголемување на создавање на отпад<br>-Зголемена бучавост<br>-Неправилно постапување со отпадните води<br>Целокупната активност во оваа област ќе се насочува кон обезбедување на непречен развој при истовремена заштита на животната средина. |
| Објаснете како планскиот документ кој е предмет на разгледување е поврзан со друг/и плански документ/и во хиерархијата на планирање. Наведете го називот на тој/тие плански документ/и и наведете ги клучните влијанија на тие плански документи врз животната средина.Определете ги разликите во клучните одлуки што се носат со предметниот плански документ и другите плански документи кои биле или ќе бидат предмет на оцена.<br>Планскиот документ е поврзан со:<br>-Просторен план |
| Доколку потенцијалните влијанија на клучните одлуки во планскиот документ веќе биле предмет на оцена или веќе биле разгледани во други плански документи во некоја поранешна фаза, резимирајте ги главните заклучоци на таа оцена и како тие заклучоци се користени во процесот на одлучување. Опишете дали претхходно спроведената оценка е направена согласно најновите сознанија за влијанијата врз животната средина со цел да може истата да се користи во процесот на усвојување на постоечкиот плански документ.<br>Потенцијалните влијанија од планскиот документ претходно не биле предмет на оцена. |
| Доколку потенцијалните влијанија од клучната одлука во овој плански документ ќе биде оценета во некоја подоцнежна фаза на планирање на пониско ниво, наведете како ќе обезбедите влијанијата што се утврдени во оваа фаза на донесување на планскиот документ да се земат во предвид при носењето на одлуката во подоцнежната фаза (пр. се спроведува стратегиска оцена на урбанистички план во кој се предвидува изграба на објект кој подлежи на постапка на оцена на влијанието врз животната средина).<br>Согласно Законот за животна средина и Уредбата за определување на критериумите врз основа на кои се утврдува потребата за спроведување на постапката за оценка на влијанијата врз животната средина потребно е да се утврди потреба за спроведување на постапка за оценка на влијанието на проектот врз животната средина. Потребата од |

<table>
<tr><td colspan="2">оцена на влијанијата врз животната средина ја донесува Органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина. Согласно Законот за животна средина, како и Законот за заштита на природата, правните или физичките лица кој вршат дејности или активности кои не спаѓаат во проектите за средина кои се спроведува постапка за оцена на влијанието врз животната се должни да изготват Елаборат за заштита на животната средина, со цел да се оцени влијанието на дејностите или активностите врз животната средина, пред да започнат со спроведување на проектот и истиот да го достават до органот надлежен за одобрување на спроведувањето на проектот.</td></tr>
<tr><td>ИЗЈАВА</td><td>Изјавуваме дека податоците дадени во овој формулар се точни, вистинити и комплетни.</td></tr>
<tr><td>Функција, име и презиме и потпис на лицето кој го носи планскиот документ во име на органот</td><td>Општина Виница<br>Градоначалник<br>Миле Петков<br>________________</td></tr>
<tr><td>Датум 21.07.2022год.<br>Место Виница</td><td>М.П.</td></tr>
</table>